# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

26 јули 2024 година, Гевгелија Број 12 Година XXXXIII

**С о д р ж и н а**

437. Одлука за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје за изведба со градежни работи за поместување на канал Рауљ ------------------------------------------------------------------ 03
438. Одлука за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за поместување на канал Рауљ------------------------------------------------------------ 05
439. Одлука за измена и дополнување на Одлуката бр.09-2094/1 од 27.12.2023 година, за определување на тарифа/цена за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Гевгелија--------------------------------------------------------------- 06
440. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија------------------------------------------------------------------ 08
441. Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ″Детска радост″-Гевгелија за 2025 година--------------------------------------10
442. Решение за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители--------------------------------------------------11
443. Решение за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители--------------------------------------------------12

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Одлуката за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје за изведба со градежни работи за поместување на канал Рауљ**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје за изведба со градежни работи за поместување на канал Рауљ, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/2
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.07.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје за изведба со градежни работи за поместување на канал Рауљ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на прималел на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС

ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје за изведба со градежни работи за поместување на канал Рауљ, **во вредност од 11.078.116,12 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 2**

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-929/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Одлуката за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за поместување на канал Рауљ**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен роект за поместување на канал Рауљ , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/3
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.07.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за поместување на канал Рауљ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на приметел на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за градежништво, трговија и услуги "А ПЛУС ИНЖИНЕРИНГ" ДОО Скопје на техничка документација - Основен проект за поместување на канал Рауљ, **во вредност од 354.000,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 2**

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-930/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката бр.09-2094/1 од 27.12.2023 година, за определување на тарифа/цена за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката бр.09-2094/1 од 27.12.2023 година, за определување на тарифа/цена за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/4
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 22 став (1) алинеја 4 и член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 67/22), и член 38 став (1) точка 20 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 24.07.2024 година донесе,

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката бр.09-2094/1 од 27.12.2023 година, за определување на тарифа/цена за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Гевгелија**

**Член 1**

Се менува член 2 од Одлуката за определување на тарифа/цена за вршење на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Гевгелија бр.09-2094/1 од 27.12.2023 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.17/2023 год.), и тоа:

***Линија број 1, Гевгелија – Негорци – Кованец***

| име на линијата | постоечка цена | нова цена |
|---|---|---|
| Гевгелија - Мрзенци | 40 | 60 |
| Гевгелија - Негорски Бањи | 40 | 60 |
| Гевгелија – Негорци | 40 | 60 |
| Гевгелија Кованец | 100 | 120 |
| **Цените се со пресметан ДДВ** | | |

***Линија број 2, Гевгелија – Прдејци***

| име на линијата | постоечка цена | нова цена |
|---|---|---|
| Гевгелија - Мрзенци | 40 | 60 |
| Гевгелија – Негорски Бањи | 40 | 60 |
| Гевгелија – Негорци | 40 | 60 |
| Гевгелија – ЈЗУ Психијатриска Болница Негорци | 60 | 60 |
| Гевгелија - Прдејци | 60 | 80 |
| **Цените се со пресметан ДДВ** | | |

***Линија број 3, Гевгелија – Миравци – Петрово***

| име на линијата | постоечка цена | нова цена |
|---|---|---|
| Гевгелија - Смоквица | 50 | 70 |
| Гевгелија - Милетково | 60 | 80 |
| Гевгелија – Давидово | 120 | 150 |
| Гевгелија - Миравци | 110 | 130 |
| Гевгелија - Петрово | 120 | 150 |
| **Цените се со пресметан ДДВ** | | |

***Линија број 4, Гевгелија – Богородица***

| име на линијата | постоечка цена | нова цена |
|---|---|---|
| Гевгелија - Богородица | 40 | 60 |
| **Цените се со пресметан ДДВ** | | |

***Линија број 5, Гевгелија – Моин – Ново Конско***

| име на линијата | постоечка цена | нова цена |
|---|---|---|
| Гевгелија - Моин | 70 | 110 |
| Гевгелија – Ново Конско | 80 | 130 |
| **Цените се со пресметан ДДВ** | | |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-931/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/5
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/131, 87/13, 42/14, 112/14, 44/15...........163/18 год. и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 67/22 год.) и член 38 став (1) точка 20 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 24.07.2024 год, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изменува и дополнува член 3 од **Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија** („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.19/17 и 09/23 год.), односно по став (1) со табеларниот приказ се додава нов став (2) со следниве зборови:

"Превозниците коишто имаат дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници и регистриран возен ред на определена линија на подрачјето на општина Гевгелија, **за време на распустите**, не се должни да се придржуваат на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржуваат линијата".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија “.

Бр.09-932/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ″Детска радост″-Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ″Детска радост″-Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/6
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 24.07.2024 година

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување**
**на ЈОУДГ ″Детска радост″-Гевгелија за 2025 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ,,Детска радост“ – Гевгелија за 2025 година со архивски број 04-97/1 од 08.07.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-933/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители**

Се објавува Решението за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/7
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 114 став (17) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14.....198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 год.), и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 24.07.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители**

1.Во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, се разрешува еден член од редот на Советот на родители, поради настанување на основ за престанување на правото за членување во Управниот одбор на установата, и тоа:

**- Елица Трајкова.**

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 934/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 24.07.2024 година.

Бр.08-937/8
26.07.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 114 став (17) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14.....198/18 год. и ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 год.), и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 24.07.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија од редот на Советот на родители**

1.Во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, се именува еден член од редот на Советот на родителите, и тоа:

**- Елена Бизоева од Гевгелија.**

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 935/1
24.07.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба*
*Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.*
*Ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија*